Ангел Коруновски

# МОНУМЕНТАЛНИТЕ СКУЛПТУРИ



**Неговата скулптура „Коњаник во движење" ќе биде првиот споменик на коњаник во Македонија. Ќе биде поставена во центарот на Велес, неговиот роден град. Ангел Коруновски (26) е млад скулптор, кому монументалните уметнички творби му се посебен предизвик. Една друга негова скулптура со наслов „Јас и ти" веќе го краси скверот на скопското маало „Идадија"...**



Кога го правев „Коњаникот" не бев оптоварен со идеолошки идеи, моите доживувања на темата за илинденците се чисто уметничко видување

# МИ СЕ ПОСЕБЕН ПРЕДИЗВИК

„Коњаникот" на **Ангел Коруновски** во центарот на Велес ќе биде поставен во средината на летото. Скулптурата која е висока 3,70 метри, а заедно со постаментот ќе треба да се искачи до грандиозните 6 метри, веќе е изработена во глина. Младиот скулптор Ангел Коруновски интензивно работеше на своето дело во изминатите 40 денови, а сега, откако се готови и калапите во гипс, останува уште финалето - леењето на скулптурата во бронза во Софија, Бугарија. Неговата скулптура **„Коњаникот"** победи на конкурсот за споменик посветен на велешките војводи - илинденци, кој пред крајот на минатата година го распиша неговиот роден град Велес.

**„Не очекував дека мојата скулптура ќе победи бидејќи таа не се вклопува сосема во стандардите на реалистична скулптура на коњаник, туку е едно мое модерно видување на темата. Мојата цел беше да направам дело што ќе има единствена композиција, кое ќе асоцира на постојано движење и на незапирлива енергија. Бидејќи скулптурата ќе биде поставена во кружниот тек на градот, бев убеден дека треба да направам дело што ќе нема лице и опачина, туку од која било страна да се погледне - да се смета дека е вистинската, односно да биде скулптура што ќе ве натера да ја гледате од сите страни"**, вели Коруновски, кој ѝ припаѓа на најновата генерација македонски скулптори. Тој пред две години дипломираше на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во класата на професорот **Васил Василев** и беше прогласен за најдобар студент во својата генерација.

**„Коњаникот"** ќе биде негова втора голема скулптура, која ќе биде поставена на отворен простор. Првата веќе го краси скверот на скопското маало **„Идадија"**. Тоа е скулптура изработена во дрво, составена од два дела - едниот е со понежни линии и е асоцијација на женска фигура, а другиот - со отсечните линии и движења дава претстава за машка фигура. **„Оваа скулптура е дел од мојата колекција 'Трепережа', во која ги искажувам сопствените чувства за односот кон светот и кон другите луѓе. Мислам дека приказната на 'Јас и ти' одлично се вклопува во приказната на 'Идадија', кое е едно многу идилично место, стар дел од градот каде што поминувале и се среќавале многу вљубени двојки. 'Идадија' е дел и од мојот живот бидејќи цели 12 години, додека учев и студирав во Скопје, поминував оттаму"**, вели Ангел.

Својата страст кон уметноста ја почувствувал уште во детството, а откако направил **„портрет со необичен израз"**, постарите велешки уметници му сугерирале дека треба да се запише во Средното уметничко училиште во Скопје. Така и се случило, а по четири години станал еден од студентите на професорот по вајарство Васил Василев на Факултетот за ликовни уметности.

**„Уметноста е моја голема љубов, јас станувам и легнувам со мисла за делата што ги правам. Уметноста е мојот вистински свет и не би го менувал за ништо"**, вели Ангел.

Досега тој има направено стотина скулптури, што е добар биланс за еден млад скулптор кој штотуку зачекорил во светот на творештвото. **„Знам во ателјето да останам и по 12 часа и постојано да работам, и така моите дела брзо се раѓаат"**. Негов најомилен материјал за обработка е дрвото бидејќи тоа зрачи со топлина и природност. Често своите скулптури тој ги обојува за да предизвика зачуденост кај публиката и „милион" прашања околу неговиот уметнички концепт.





Речиси сите скулптури што ги создал, Ангел ги чува во своето ателје во Велес. **„Скулптурите се продаваат многу потешко од уметничките слики. Ретко кој овде во Македонија се одлучува во својот дом да постави скулптура. Обично се смета дека за скулптурата треба многу простор, а јас тврдам дека за добра скулптура секогаш може да се најде место и таа да го исполнува просторот со енергија. Особено ме привлекуваат монументалните скулптури затоа што дејствуваат моќно и самоуверено. Но, од друга страна, сосема ми е јасно дека таквите дела се многу скапи, затоа и поретко може да ми се случуваат"**.

Тој изработува и релјефи и други поситни украсни предмети, а се занимава и со компјутерски дизајн, фотографира, слика. **„Мислам дека на нашиот факултет му недостасува предмет по менаџмент бидејќи уметниците мора да знаат да се снајдат во средината, да умеат да ги доближат своите дела до публиката, со еден збор да ги рекламираат"**. Сега е постдипломец на Факултетот за ликовни уметности. Вели дека има потреба за нови знаења, но и дека постдипломските му овозможуваат да ја одржува врската со случувањата во уметноста. **„Сепак Скопје е центарот во кој се случуваат главните настани, тука се контактите со други уметници, размената на нови сознанија. Во уметноста, како во спортот, треба постојано да работиш за да ја одржуваш кондицијата, но и постојано да си во тек со случувањата, зашто тие откриваат можности да ги претставуваш своите дела"**. Со нетрпение го очекува моментот кога **„Коњаникот"** ќе биде поставен во центарот на Велес. **„Речиси секој ден го завршувам со мисла дали на моите сограѓани ќе им се допадне тоа што го направив. Кон ова дело бев многу искрен и во него го вложив сопствениот максимум. Се надевам дека тоа луѓето ќе го препознаат кога секојдневно ќе се среќаваат со него"**.

Гордана Колевска